
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 46	30.10.2024 год.

ЈЕГУНОВЦЕ, ОКТОМВРИ 2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за III квартал за 2024 год.

Се прогласува Заклучокот за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за III квартал за 2024 год. , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.10.2024 год.

Бр. 09-2078/1
30.10.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весникна РМ„ бр.61/04), Советот на Општина Јегуновце начетириесетишестата седница одржана на ден 29.10.2024 год. донесе,

З А К Л У Ч О К
За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за III квартал за 2024 г.

1. Се усвојува финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за III квартал за 2024 г.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-2037/3
29.10.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 40, став 1, 2 и 3, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За непрогласување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 год.

1. Не се прогласуваат Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 год.бр.05-2037/4 од 29.10.2024 година , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.10.2024 год.

2.Одлуката од претходниот став на ова Решение да не се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Образложение

Согласно член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) градоначалникот ја запира од објавување Одлуката наведено во точка 1 од ова Решение, од причина што смета дека согласно одлуката за измена на распоредот на средства во посебниот дел со Буџетот на РСМ донесена од Владата на Република Северна Македонија доставени се нови прегледи за блок дотации за основното образование за 2024 год ,зголемување на 5% за исплата на плата за месец октомври 2024 година и натаму,а овие средства не се предвидени во горенаведените измени и дополнувања на Буџетот на Општина Јегуновце.

Бр. 09-2078/2
30.10.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 40, став 1, 2 и 3, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За непрогласување на Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 год.

1. Не се прогласува Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 год. бр.08-2037/5 од 29.10.2024 година , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.10.2024 год.

2.Одлуката од претходниот став на ова Решение да не се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Образложение

Согласно член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) градоначалникот ја запира од објавување Одлуката наведено во точка 1 од ова Решение, од причина што смета дека согласно одлуката за измена на распоредот на средства во посебниот дел со Буџетот на РСМ донесена од Владата на Република Северна Македонија доставени се нови прегледи за блок дотации за основното образование за 2024 год ,зголемување на 5% за исплата на плата за месец октомври 2024 година и натаму,а овие средства не се предвидени во горенаведените измени и дополнувања на Буџетот на Општина Јегуновце.

Бр. 09-2078/3
30.10.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „ Шемшово„ с. Шемшово за учебната 2024/2025

Се прогласува Заклучокот за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „ Шемшово„ с. Шемшово за учебната 2024/2025 , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.10.2024 год.

Бр. 09-2078/4
30.10.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Јегуновце на четириесетишестата седница одржана на ден 29.10.2024 год. донесе,

З А К Л У Ч О К

За давање на мислење на Годишната програма на ООУ „ Шемшово„ с.Шемшово за реализација на ученички екскурзии за учебната 2024/2025

1. Советот на Општина Јегуновце дава позитивно мислење по однос на Годишната програма за изведување на екскурзии за ученици од ООУ „ Шемшово„ с.Шемшово за учебната 2024/2025

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ и истиот да се достави до ООУ Шемшово„ с.Шемшово.

Бр.08-2037/6
29.10.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „ Александар Здравковски„ с. Јегуновце за учебната 2024/2025

Се прогласува Заклучокот за давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „ Александар Здравковски„ с. Јегуновце за учебната 2024/2025, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.10.2024 год.

Бр. 09-2078/5
30.10.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Јегуновце на четириесетишестата седница одржана на ден 29.10.2024 год. донесе

З А К Л У Ч О К

За давање на мислење на Годишната програма за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце за учебната 2024/2025

1. Советот на Општина Јегуновце дава позитивно мислење по однос на Годишната програма за изведување на екскурзии за ученици од ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце за учебната 2024/2025

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Јегуновце„ и истиот да се достави до ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце.

Бр.08-2037/7
29.10.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување на Заклучок бр. 08-2037/8 од 29.10.2024 год.

Се прогласува Заклучок бр. 08-2037/8 од 29.10.2024 год., што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.10.2024 год.

Бр. 09-2078/6
30.10.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.05/02) и член21 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Советот на Општина Јегуновце на четириесетата седница одржана на ден 29.10.2024 год. го разгледа Извештај за проценетите штети од природна непогода град и поплава на подрачјето на Општина Јегуновце и донесе :

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Збирниот Извештај за проценетите штети од природна непогода град и поплава на подрачјето на Општина Јегуновце бр. 02-1989/1 од 17.10.2024 год. од Комисијата за проценка на штети од природна непогода град и поплава во Општина Јегуновце.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-2037/8
29.10.2024 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за доделување на ваучери на ученици кои освоиле награда

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства за доделување на ваучери на ученици кои освоиле награда , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.10.2024 год.

Бр. 09-2078/7
30.10.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на четириесетишестата седница одржана на ден 29.10.2024 год. донесе

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средстваза доделување на ваучери за учениците од основните училишта кои освоиле награда.

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце се одобрува финансиски средства за доделување на ваучери за учениците од основните училишта кои освоиле награда на државен и регионален натпревар.

Ваучерите ќе бидат доделени од страна на Градоначалникот и член од Советот на Општина Јегуновце по повод денот на Општината.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-2037/9
29.10.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на прехрамбени артикли за лица со посебни потреби во Општина Јегуновце по повод 3-ти Декември Меѓународен ден на лица со посебни потреби

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на прехрамбени артикли за лица со посебни потреби во Општина Јегуновце по повод 3-ти Декември Меѓународен ден на лица со посебни потреби, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.10.2024 год.

Бр. 09-2078/8
30.10.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на четириесетишестата седница одржана на 29.10.2024 год. донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства за набавка на прехрамбени артикли за лица со посебни потреби во Општина Јегуновце по повод 3 Декември Меѓународниот ден на лица со посебни потреби

Член 1

Советот на Општина Јегуновце по повод 3 Декември Меѓународниот ден на лица со посебни потреби од Буџетот на општина Јегуновце одобрува финансиски средства во износ до 3.000 денари за секое лице поединечно за набавка на прехрамбени артикли.

Член 2

Одобрените средства ќе се исплатат од овој буџет од потпрограма АО конто 464990-други трансфери.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-2037/10
29.10.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за задолжување на секое домаќинство и правен субјект за поседување на канта за комунален смет

Се прогласува Одлуката за задолжување на секое домаќинство и правен субјект за поседување на канта за комунален смет, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 29.10.2024 год.

Бр. 09-2078/9
30.10.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) и член 23 од Законот за јавна чистота (Сл.весник на РМ бр.111/08), Советот на Општина Јегуновце на четириесетишестата седница одржана на ден 29.10.2024 год. донесе

О Д Л У К А

За задолжување на секое домаќинство и правен субјект за поседување на канта за комунален смет

Член 1

Со оваа Одлука се задолжува секое домаќинство и правен субјект да поседува канта за комунален смет и да потпишат договор за собирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад со концесионерот Друштво за производство, трговија и услуги ЕКОПАРК НБ ДООЕЛ увоз-извоз с.Копанце, Јегуновце.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Јегуновце.

Бр.08-2037/11
29.10.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на буџетот на Општина Јегуновце за III квартал 2024 год. 1

2. Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на буџетот на Општина Јегуновце за III квартал 2024 год. 2

3. Решение за прогласување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 год. 3

4. Решение за непрогласување на Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 г. 4

5. Решение за прогласување на Заклучок за давање на мислење на Годишната програмата за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Шемшово„ с.Шемшово за учебната 2024/2025..... 5

6. Заклучок за давање на мислење на Годишната програмата за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Шемшово„ с.Шемшово за учебната 2024/2025..... 6

7. Решение за прогласување на Заклучокот за давање на мислење на Годишната програмата за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце за учебната 2024/2025..... 7

8. Заклучок за давање на мислење на Годишната програмата за изведување на екскурзии за учениците од ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце за учебната 2024/2025..... 8

9. Решение за прогласување на Заклучок бр.08-2037/8 од 29.10.2024 год..... 9

10. Заклучок бр.08-2037/8 од 29.10.2024 год..... 10

11. Решение за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за доделување на ваучери на ученици кои освоиле награда 11

12. Одлука за одобрување на финансиски средства за доделување на ваучери на ученици кои освоиле награда 12

13. Решение за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на прехрамбени артикли за лица со посебни потреби во Општина Јегуновце по повод 3-ти Декември Меѓународен ден на лица со посебни потреби..... 13

14. Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на прехрамбени артикли за лица со посебни потреби во Општина Јегуновце по повод 3-ти Декември Меѓународен ден на лица со посебни потреби 14

15. Решение за прогласување на Одлуката за задолжување на секое домаќинство и правен субјект за поседување на канта за комунален смет 15

16. Одлука за задолжување на секое домаќинство и правен субјект за поседување на канта за комунален смет 16